Друштво за производство и трговија и услуги
ГРАФОТЕКС ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-224
29.12.2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1481/1
29.12.2021 год
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР**
**за јавна набавка на стоки**
**Оглас: 20579/2021**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија,
ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Мед.Директор Доц.Др. Иван Барбов и ВД.Орг.Директор Др.Аљајдин Хавзиу од една страна, и

2. **ГРАФОТЕКС ДОО Скопје**, адреса ул.Јуриј Гагарин бр.55 Скопје со ЕМБС **4124332** застапуван(о) од Управител: Миле Стојковски, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор за јавна набавка се стоки за набавка на
**Компакт диск DVD R со хартиена опаковка, минимум 4,7 Gb ;**
**Количина 10.000 парчиња (компакт дискови).**
По делови,според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помегу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупна вредност без ДДВ: 89.500,00 денари,

Вкупно ДДВ: 16.110,00 денари,

**Вкупна вредност со ДДВ: 105.610,00 денари.**

Единечната цена на стоките е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во рок од 7 дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка,по требувања од клиниката, да го има на лагер постојано. Договорниот орган го задржува правото да не ја нарача целокупната количина која е предмет на договорот. Лице задолжено за реализација на договорот: Домаќин-економ-Асип Ковачи 070 565 080

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА НА ИНФОРМАЦИИ

Член 6

Договорните страни за време на важноста на овој Договор и по неговото раскинување се обврзани да ги :
- чуваат и штитат најмалку со истиот степен и грижа со кој што ги штити своите информации од слична природа;
- ќе ги користат само за оценување и вклучување во заеднички активности согласно горе наведената цел;
- ќе го ограничи пристапот кон доверливите информации само на своите вработени за кои е потребно истите да ги знаат и ќе ја запознае оваа група на вработени со обврските кои ги презел со овој договор;